Република Северна Македонија
Општина Штип
Совет на општината
Број 08 – 6496/1
18.10.2024 година
Ш т и п

До

____________________________

____________________________

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02), член 19 став 2 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 , 13/14 и 5/21) и член 38 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 07/05),

**С в и к у в а м**

Педесет и трета седница на Советот на Општина Штип за **25 октомври 2024 година (петок)** со почеток во **10,30 часот**.

Советот на Општина Штип ќе работи по следниот

**Д н е в е н р е д**

1. Решение за престанок на мандат на Роберт Аџипетров од функција –член на управен одбор на ЈП„Стипион 2011"Штип.
2. Решение за престанок на мандат на членовите на училишните одбори на основните општински училишта во општина Штип.
3. Предлог-решение за именување на членови на училишните одбори на основните општински училишта во општина Штип
4. Предлог-одлука за изменување на одлука за општински линиски превоз на патиштата во општина Штип.
5. Предлог-одлука за давање согласност за измени и дополнувања на Ценовникот на ЈП Стипион 2011 за услугите за превоз на патници во општина Штип и општина Карбинци.
6. Предлог-одлука за давање согласност на Ценовник на ЈП Стипион 2011 за одржување на локални патишта и улици.
7. Предлог одлука за утврдување на висина на надоместокот за експропријација (в.в со Обиколница)
8. Предлог-одлука за одобрување средства за лекување.
9. Предлог-одлука за утврдување на нацрт Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип (плански опфат: на запад по осовина на улица „Кирил и Методиј" и дел од улица „Иво Лола Рибар"; на север по осовина на улица Иво Лола Рибар, на исток по осовина на улица Стојан Рибата и дел од улица Вера Циривири Трена и на југ по осовина на дел од река „Отиња" општина Штип).
10. Предлог-одлука за утврдување на нацрт план за дел од урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и В од ГУП на град Штип/плански опфат:од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица „Браќа Миладинови", на југ по

осовината на улица „Страшо Пинџур“ се до осовината на улица „Љубен Иванов“ на западна страна/.

11. Предлог-одлука за донесување на Детален урбанистички план за село Три чешми со разработка на блок 4, КО Три Чешми, општина Штип.
12. Предлог-заклучок за давање на позитивно мислење за Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 25-А од ДУП за индустриска зона запад,дел од УЕ број 78 и дел од УЕ 79, на КП број 1072/2,КО Штип 1,општина Штип.
13. Предлог – Одлука за утврдување на унифициран изглед на некои видови урбана опрема и тезги.
14. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Штип за 2024 година.
15. Предлог-програма за дополнување на програмата за финансирање и изработка на урбанистички планови за територијата на општина Штип за 2024 година.
16. Предлог – Програма за дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штиш за 2024 година.
17. Предлог-програма за измена и дополнување на програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Штип за 2024 година.
18. Предлог-програма за дополнување на програмата за локален економски развој за 2024 година.
19. Предлог – Програма за одбележување на Новогодишните и Божиќните празници 2023/2024 година.
20. Предлог - програма за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и личности со спомен обележја 2023-2027 година.
21. Предлог-одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје посветено на револуционерот Славејко Арсов.
22. Предлог-одлука за доделување на признанија 8-ми ноември за 2024 година.
23. Извештај за реализација на програмата на Штипско културно лето 2024.
24. Барање финансиски средства за печатење на стихозбирката „Изблици на една младост“ од Деспина Ристова Делипетрова.
25. Барање финансиска поддршка од КУД Ристо Донев учителот Штип за организација на Новогодишен концерт.
26. Полугодишен извештај за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Штип за првотот полугодие во 2025 година.
27. Советнички прашања.

Седницата ќе се одржи во салата на Советот на Општина Штип.

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова с.р.

*Одделение за правно нормативни работи и поддршка на советот*
*Раководител*
*Маре Каранакова*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ШТИП
ШТИП